Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

## Извадок на дел од дневните настани 20.05.2023

Единицата за Корупција при Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство Скопје, поднесе кривична пријава против М.К.(42) с.Дражево, општина Ново Село, со живеалиште во Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „примање поткуп‟, казниво по член 357 од Кривичниот законик. Пријавениот, во својство на раководител на сектор во АД „Водостопанство‟ на Република Северна Македонија - Скопје, кон крајот на 2022 година и на 19.05.2023 остварил средби со друго лице со цел да му овозможи да добие концесија за експлоатација на песок во Кратово и да склучи договор со АД „Водостопанство‟, при што примил поткуп во вкупна вредност од 6.000 евра, по 3.000 евра на секоја средба. Тој бил лишен од слобода вчера во Скопје веднаш откако ги земал парите од лицето и во координација со јавен обвинител му е поднесена пријавата.

Денеска (20.05.2023) околу 09.30 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба и од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.К. од Куманово. Тој бил фатен веднаш откако со закана со пиштол одзел пари од вработен во спортска обложувалница на ул.„Благоја Стефковски‟. Инаку, тој утрово побегнал од Казнено-поправната установа затвор Идризово каде што издржувал затворска казна, а при лишувањето полициските службеници испукале еден предупредувачки куршум. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава и ќе биде спроведен во казнено-поправната установа за доиздржување на казната.

На 19.05.2023 во 13.30 часот во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп - Надворешна канцеларија на криминалистички работи Прилеп го лишиле од слобода Б.А.(25) од Прилеп. Тој се сомничи дека околу 00.30 часот на ул.„Круме Волнароски" во Прилеп физички го нападнал А.В.(18) од Прилеп и му одзел личен предмет. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот. Исто така, Б.А. бил баран и по централна потерница врз основа на судска наредба за издржување затворска казна за сторени кривични дела „тешка кражба‟ по член 236 од Кривичниот законик. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 19.05.2023 во 21.55 часот, полициски службеници од Полициската станица Драчево го лишиле од слобода А.А.(41) од Скопје. Тој се сомничи дека околу 19.15 часот на ул. „Грнчаревска‟ од возило на А.С.(30) од Скопје одзел чанта со пари и лични документи. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственичката, а лицето било задржано во полициска станица. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 20.05.2023 во 02.35 часот во угостителски објект на подрачје на Аеродром, полициски службеници го лишиле од слобода С.С.(28) од с.Ајватовци, скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.05.2023 во 01.35 часот во угостителски објект на подрачје на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Б.С.(43) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.05.2023 во 23.25 часот на подрачје на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.П.(32) од Пробиштип затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и таблета. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 20.05.2023 во 03.25 часот пред угостителски објект на ул.„Железничка‟ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода Н.Г.(32) и М.К.(20), двајцата од Струга, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 19.05.2023 во 21.45 часот во Радовиш, полициски службеници од ОВР Радовиш ги лишиле од слобода Е.Д.(22) од Радовиш и Е.Г.(34) од с.Бучим, радовишко, затоа што при преглед кај нив, кај Е.Д. била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (19.05.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 177 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 38 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за непрописно престигнување и престројување. Изречени се четири мерки за возење под дејство на алкохол, девет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), седум санкции за некористење сигурносен појас при возење...

Вчера (19.05.2023) во периодот од 14.00 до 20.00 часот на територијата на СВР Битола спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои вршат непрописно престигнување, при што санкционирани се 20 возачи, а откриени се и 17 останати прекршоци. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци.

На 19.05.2023 во 18.25 часот во СВР Охрид било пријавено дека на крстосница од ул. „Железничка‟ со ул.„Абас Емин‟ во Охрид се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „мерцедес‟ со охридски регистарски ознаки, управувано од И.В.(47) од Охрид и мотоцикл „априлија‟ со германски национални ознаки, управуван од Д.Д.(39) од Охрид. Во несреќата мотоциклистот Д.Д. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во болницата за ортопедија и трауматологија „Св.Еразмо‟ во Охрид. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Охрид.

На 19.05.2023 околу 23.18 часот во ОВР Гевгелија било пријавено дека на железничка пруга во атар на с.Негорци, гевгелиско, товарен воз на Железници на Северна Македонија, кој сообраќал на релација Трубарево – Гевгелија, удрил во машко лице мигрант. Притоа, лицето се здобило со тешки телесни повреди констатирани во болницата во Гевгелија. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од ОВР Гевгелија.

На 19.05.2023 во 08.20 часот во СВР Битола било пријавено дека на крстосница од ул. „Девеани‟ и крак од ул.„Девеани‟ во Битола, Н.Ш.(34) од Прилеп, управувајќи мотоцикл „априлија‟ со битолски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во несреќата, Н.Ш. се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 19.05.2023 во 15.30 часот во Полициската станица Аеродром, М.Ј.(63) од Скопје пријавила дека на кејот на реката Вардар на бул.„АСНОМ‟ била касната од куче скитник.

На 19.05.2023 во 14.00 часот во Полициската станица Карпош, З.М.(58) од Скопје пријавил дека на ул.„Митрополит Теодосиј Гологанов‟ бил каснат од куче скитник.

На 19.05.2023 во 14.10 часот во Полициската станица Карпош, Ј.Ч.(49) од Скопје пријавил дека во Градски Парк бил каснат од куче скитник.

На 19.05.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Македонски Брод, Г.С.(49) од Македонски Брод пријавила дека на ул,,Маршал Тито‟ била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет